Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 01-156/1
21.08.2024 год.
с. Мало Коњари, Прилеп

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ООУ „СТРАШО ПИНЏУР„ – с.Мало Коњари, Прилеп

## за период од 2024до 2028година




Август 2024

Врз основа на член 49 и 122 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“, бр.161/2019 и 229/20), Наставничкиот Совет при ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден 27.05.2024 година ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02 - 99/4
27. 05 2024 год.
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

# ОДЛУКА

## за формирање на Комисија за изготвување на развојната програма на училиштето

1. Наставничкиот совет на својата седница одржана на ден 27.05.2024 година донесе Одлука за формирање на Комисија за изготвување на развојната програма на училиштето од следните членови:

   1. Зоран Петрески – директор
   2. Ирена Ќолческа – дефектолог
   3. Неда Јовески - наставник по математика
   4. Катерина Тодоровска – наставник по македонски јазик
   5. Кристина Спиркоска - наставник по географија
   6. Христина Граороска – наставник во одделенска настава
   7. Оливера Седлоска – претставник од Совет на родители
   8. Матеј Петкоски – претставник од учениците

2. Тимот има за задача да ја изготви развојната програма на училиштето.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

27.05.2024 година

Директор

/ д-р Зоран Петрески /

# Преамбула

Согласно член 49 од Законот за основно обазование ( Сл.весник на РСМ бр.161/19)

(став 1) *Основното училиште изготвува Развојна програма за работа;*

(став 2) *Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции;*

(став 6) *Формата и содржината на развојната и годишната програма за работа ги утврдува министерот, на предлог на Бирото;*

Согласно член 49 став 6 од Законот за основно обазование ( Сл.весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма ( член 8) донесена е одлука за формирање на Комисија за изготвување Развојна програма на ООУ „Страшо Пинџур„ - с.Мало Коњари, Прилеп за период од 2024-2028 година со бр. 02-99/1 од датум 27.05.2024 г.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Страшо Пинџур„ –с. Мало Коњари, Прилеп |
| Адреса | с.Мало Коњари |
| Телефон,е-пошта | **048/483-418**<br>pindzurstraso@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | јуни-август 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 134 |
| Број на подрачни училишта | Две,едно во село Кадино село,едно во Големо Коњари |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Д-р Зоран Петрески |
| Потпис | [signature] |
| Датум | 21. 08. 2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Имеи презиме | Александар Божиноски |
| Потпис | [signature] |
| Датум | 24. 10. 2024 |

## Содржина


1. **Податоци за основното училиште**
   Идентификациски податоци за училиштето
   Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

# 1. Податоци за основното училиште

## Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„ Страшо Пинџур„ |
| Адреса | село Мало Коњари |
| Телефон | **048/483-418** |
| Место,општина | с.Мало Коњари, Прилеп |
| Веб-страница | |
| Е-пошта | pindzurstraso@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 5 Март |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | $585m^2$ |
| Училишен двор(m2) | $6292m^2$ |
| Подрачни училишта во состав на Основното училиште,место | Две,едно во Кадино Село, едно во Големо Коњари |
| Капацитет на училиштето(максимален Број ученици) | |
| Број на ученици(моментална состојба) | 134 |
| Број на паралелки | 16 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира Наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за Ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира Наставата во училиштето | Две смени во централното училиште и една смена (предпладне) во подрачните училишта |
| Во основното училиште има паралелки од Музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | / |

## Историјат на основното училиште

Училиштето и населеното место се наоѓаат на територијата на општина Прилеп.
Развојот на училиштето е интересен и временски доста стар. Има податоци дека првото училиште е отворено уште во 1872 година. Тоа било поактивно и со поголем број на ученици во 1907 година како народно училиште. Во село Мало Коњари седо учебната 1954/55 година немало изградено училишна зграда за изведување на наставата. Таа се изведувала со прекини по приватни куќи. Од 1928 до 1931 год. учениците учеле во импровизирани услови во просториите на црквата но на српски јазик. Од наредната учебна година 1931/32 учениците учат во училишната зграда во село Големо Коњари. Од 1941 наставата се изведува на бугарски јазик. Од 1944 до 1945 г. училиштето не работи . По конечното ослободување, по Втората светска војна, биле превземени мерки за започнување на работата на училиштата на македонски јазик. Кон крајот на јануари 1945 почнуваат да се формираат и да работат училишта во околните села па и во Мало Коњари . Со изградбата на училишната зграда 1954 започнува да се изведува настава во училиштето со ученици од прво до четврто одделение. Наредните одделенија се формираат во континуитет секоја учебна година по едно одделение се до осмо одделение. Училиштето во Мало Коњари работи како самостојно се до учебната 1961/62, а потоа како централно во чиј состав се подрачните училишта од селата: Големо Коњари, Славеј, Кадино Село, Боротино. Училитето во Мало Коњари станува работна единици на „Манчу Матак" с. Кривогаштани учебната 1978/79 год.
Од 1986 па до денес е самостојно основно училиште . Во него денес учат ученици од околните села Славеј, Големо Коњари, Кадино Село.
Воспитно образовната работа се изведува на македонски јазик и кирилично писмо и според нормативите и стандардите на МОН и БРО. Воспитно - образовниот процес во училиштето го реализира соодветен стручен кадар, стручни соработници и сите тие со единствена тенденција за следење на модерната технологија и оспособување на учениците, подготвени да одговорат на времето што доаѓа и на новите образовни и животни предизвици. Низ секојдневната работа се применуваат активни методи, форми и техники на учење по сите наставни предмети. Активното и интерактивното учење се длабоко навлезени во наставниот воспитно-образовен процес,како новите начини на оценување(употреба на формативното оценување). Со учениците со посебни образовни потреби работи 1 дефектолог.Во училиштето успешно функционираат Училишниот одбор,Наставничкиот совет,Советот на родители,Стручните активи и Ученички парламент.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителите)

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Унапредување на матријално-техничките ресурси иобезбедување на квалитетна работа и безбеден престој во училиштето** | 1.1.Подобрување на состојбата и опременоста на кабинетите со материјално технички ресурси и наставни средства | ✓ | | | Опремени училници со смарт табли ,смарт телевизори и набавени ресурси за подобра реализација на наставните содржини |
| | 1.2.Поголема искористеност на училишниот двор | ✓ | | | Целосно уредување на училишниот двор,изградба на летниковец,отворена учлница,ботаничка градина... |
| | 1.3.Инсталирање на парно греење | | | ✓ | И покрај обидите за собирање на средства од локалната и бизнис секторот не се обезбедени значителен број на средства |
| | 1.4.Изградба на спортска сала во централното училиште | | | ✓ | Проблеми со урбанистичкиот план на земјиштето покрај сите обиди не постои можност за решение на истиот. |
| | 1.5.Изградба на повеќенаменско игралиште во ПУ во Големо Коњари | | | ✓ | Проблеми со урбанистичкиот план на земјиштето покрај сите обиди не постои можност за решение на истиот. |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Партнерски однос со родителите, локалната заедница и односи со јавноста** | 2.1. Поголема вклученост на родителите во реализирањето на отворените денови, работилници, вонnаставни активности и сл. | | ✓ | | Целта е делумно реализирана поради преголемите обврски на родителите и неможноста за нивно вклучување |
| | 2.2. Промовирање на успесите и постигањата на учениците | ✓ | | | Сите успеси и постигања се јавно поставени на нашата веб страна. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3. Унапредување на соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор | | ✓ | | Слаба соработка и поддршка со деловната заедница,одбивање на понудите испратени до локалната заедница и невладиниот сектор |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Професионален развој и следење на развојните потреби на кадараот** | 3.1.Унапредување на квалитетот на професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар | ✓ | | | Дисеминирање на сознанијата од посетените обуки.Реализирани интерни обуки,дебати за унапредување на менталното здравје на наставниците и учениците. |
| | 3.2. Унапредување на планирањата на наставата | ✓ | | | Целта е целосно реализирана,зголемена соработка со стручните служби и стручните активи |
| | 3.3. Унапредување на работата со децата со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето и развојот | ✓ | | | Вработен дефектолог |
| | 3.4. Континуирано стручно усовршување на вработените преку посета на семинари, обуки | ✓ | | | Сите наставници посетуваа обуки |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Обезбедување квалитетна настава со имплементација на наставните планови и програми** | 4.1. Зголемување на примената на индивидуализирана настава,посебно со учениците со потешкотии во учењето | ✓ | | | Учениците работаат со образовни асистенти,наставниците применуваат активности предвидени за учениците со потешкотии за полесно постигнување на целите според ИОП |
| | 4.2. Зголемена нагледност преку обезбедување потребнисредства и помагала за доопремување на училниците | | ✓ | | Поради немање доволно финансии дел од училниците останаа неопремени со планираните наставни средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.3. Поддршка на учениците при избор на понатамошнообразование | ✓ | | | Овозможени презентации на учениците од страна на средните училишта,овозможена посета на средните училишта |

## 3. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT- анализа)

### SWOT-анализа

| Предности(силни страни)на основното училиште | Слабости(слаби страни)на основното училиште |
|---|---|
| ➢ Соодветен третман за сите ученици во изложувањето на нивните трудови<br>➢ Наставниците самостојно и преку стручните активи учествуваат во изготвување на годишните, процесните, неделните и дневни планирања во печатена или електронска форма, изготвуваат планирања заСУА,додатна и дополнителна настава, како и ИОП;<br>➢ Училиштето ги планира и реализира воннаставните активности и секогаш се вклучува во нови проекти и соработува со локалната самоуправа;<br>➢ Давање помош и поддршка на учениците со различнии нтелектуални способности;<br>➢ Редовно информирање на учениците и родителите за нивното постигнување;<br>➢ Училиштето води грижа за емотивните,социјалните и физичките потреби на своите ученици вклучувајќи ги и децата со посебни потреби и го следи нивниот развој;<br>➢ Стручната служба соработува со учениците и нивните родители;<br>➢ Добро организирана професионална ориентација; | ➢ Отежнатост на работата во комбинирани паралелки;<br>➢ Континуирано подобрување на хигиената во училиштето;<br>➢ Недостаток на стратегија за идентификација на надарените ученици;<br>➢ Ниско ниво на еко-активности,со акцент на вклучување на локалната средина;<br>➢ Наставниците и стручните со работници имаат дополнителна потреба од материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби;<br>➢ Делумно задоволувачки библиотечен фонд во подрачните училишта;<br>➢ Зголемување на бројот на присутни родители на родителските средби,работилници и воннаставни активности;<br>➢ Потреба од поголема соработка со локалната средина; |

| | |
|---|---|
| ➢ **Во училиштето се превенира секаков облик на насилство**<br>➢ **Добра организираност на наставата;**<br>➢ **Следење на нашите ученици каде се запишани по завршувањето на основно образование, во средните училишта;**<br>➢ **Постојано следење и вреднување на постигањата;**<br>➢ **Следење на постигањата на учениците по завршувањето на основно образование, во средните училишта;**<br>➢ **Во училиштето се подготвуваат редовни извештаи и анализи по паралелки кои се доставуваат на увидна стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родителите и самите ученици;**<br>➢ **Придржувањето кон Кодексот на однесување на сите структури во училиштето: вработени, ученици, родители, Куќниот ред;**<br>➢ **Училиштето есекогаш отворено за соработка со родителите и потребите на учениците;**<br>➢ **Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците;**<br>➢ **Се тежнее да се зголеми менталното здравје на учениците;** | |
| Можности(прилики)штопроизлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки (опасности) што призлегуваатодучилиштетоинеговото опкружување |
| ➢ **Високо едуциран наставен кадар кој придонесува за поуспешен напредок на учениците;**<br>➢ **Посветеност на училиштето кон постојано унапредување,осовременување и изнаоѓање на нови начини за комуникација и односи со јавност;**<br>➢ **Ботаничка градина (стакленик) во училишниот двор за примена на метод на искуствено учење и развивање на еколошката свест кај учениците и грижа кон растителниот свет и природата;**<br>➢ **Уредена зона во училишниот двор со училница на отворено и летниковец за** | ➢ **Проблеми со стабилностна интернет мрежите за реализација на содржини од ИКТ и предметот Работа со компјутери и Основи на програмирање во одделенска настава;**<br>➢ **Немање на соодветни кабинети по сите предмети;**<br>➢ **Намалување на бројот на учениците во наредните години;**<br>➢ **Недоволна соработка со локалните стопански организации;**<br>➢ **Голема ангажираност со работни и секојдневни обврски на родителите** |

| | |
|---|---|
| едукација на еден интересен начин во релаксирана средина ,реализирање на работилници и вонучилишни активности; | оневозможува нивно присуство на отворени денови; |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

**МИСИЈА**

Нашата мисија е инклузивно училиште кое ги поттикнува учениците да ги применуваат стекнатите знаења и вештини , да се потпираат на нивните лични особини и способности, да водат продуктивен живот, да станат индивидуи кои што ќе придонесуваат за себе и за општествената заедница, при тоа соработувајќи со припадниците на различните етнички заедници;

**ВИЗИЈА**

Нашата визија е да бидеме национално познато рурално училиште кое што овозможува ментално здравје и компетентност на учениците преку трансфер на практично применливи воспитно-образовни вредности и притоа, помага на населбите од неговото опкружување да стануваат попријатни места за живеење и работа на сите етнички заедници;

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Вклучување на наставниот кадар и училиштето во проекти од Еразмус+, подобрени практики за посета на обуки и десиминација на сознанијата од посетените обуки | Насочувањето кон воведување на нова пракса цели кон исполнување на современите европски стандарди,воведување на искуства од работата на училиштата во и надвор од нашата држава ќе доведе до поголема мотивираност и подобар успех на учениците,реализирани обуки на избрани теми од страна на наставниот кадар . |
| Осовременување на кабинети во одд. и предметна настава,перманентно обезбедување на нагледни средства и помагала по новата наставна програма | Подобрување на условите во училиштето во насока на обезбедување квалитетна образовна инфраструктура ,за одвивање на современа наставна програма која дирекно ќе влијае врз мотивацијата и менталното здравје на ученицити и наставниците и ќе овозможи постигнување на подобри резултати. |
| Поголема соработка со локалната самоуправа и месното население; | Со цел подобрување на мотивираноста на учениците и квалитетот на работата потребни се повеќе заеднички активности со локалната самоуправа |
| Повеќе еко-активности,со акцент на вклучување на локалната средина и активирање на еко-патролите | Создавање поздрава средина за живеење и развивање на поголем степен на еко културата на учениците |
| Изработување на стратегија за идентификација на надарени и талентирани ученици и нивна вклученост во повеќе училишни и вонучилишни активности | Подобрување на работата со надарените ученици преку раната идентификација на таленти во одредени области,реализирани активности од различни области со цел да се подготват учениците за учество на учениците на натпревари и конкурси. |
| Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех | Со цел да се поттикнат родителите во поголем број да присуствуваат на родителските средби бидејќи тие се клучна алатка во воспитно-образовниот процес.Наставниците се загрижени за учениците со слаб успех и за тоа што нивните родители не исказуваат загриженост за постигнување на посакуваните резултати во однос на знаењето |

# 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

## Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| • Осовременување на кабинети во одд. и предметна настава; перманентно обезбедување на нагледни средства и помагала по новата наставна програма | **Подобрување на квалитетот на наставата преку ефективно користење на различни дидактичко-технички помагала.** |
| • Поголема соработка со локалната самоуправа и месното население;<br>• Повеќе еко-активности,со акцент на вклучување на локалната средина и активирање на еко-патролите;<br>• Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех; | **Партнерски однос со родителите,локалната заедница и односи со јавност.** |
| • Вклучување на наставниот кадар и училиштето во проекти од Еразмус+, подобрени практики за посета на обуки и десиминација на сознанијата од посетените обуки | **Постојано стручно усовршување на наставниот кадар за подобрување на квалитетот на наставата и поголема мотивираност на учениците.** |
| • Изработување на стратегија за идентификација на надарени и талентирани ученици и нивна вклученост во повеќе училишни и вонучилишни активности | **Прилагодување на работата на наставникот на когнитивните и емоционалните карактеристики на учениците за начително подобри резултати.** |

Од стратешки цели кон развојни цели

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Подобрување на квалитетот на наставата преку ефективно користење на различни дидактичко-технички помагала. | 1.1 Идентификување на потребните дидактичко – технички помагала со цел подобрување на успехот на сите ученици; |
| | 1.2 Подобрување на материјално-техничките услови и обезбедување ресурси и опрема за подобрување и поттикнување на развојот на учениците; |
| | 1.3 Подобрени компетенции на наставниот кадар за користење на материјално техничките средства |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Партнерски однос со родителите,локалната заедница и односи со јавност | 2.1 Вклучување на родителите во реализација на отворени денови,работилници,воннаставни активности и сл.; |
| | 2.2 Поголема посетеност на родителските средби како клучна алатка во воспитно- образовниот процес; |
| | 2.3Унапредување на соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор; |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Постојано стручно усовршување на наставниот кадар за подобрување на квалитетот на наставата и поголема мотивираност на учениците. | 3.1 Обезбедување на обуки во и надвор од државата; |
| | 3.2 Стручна подготовка за влез и реализација на Еразмус+ проекти; |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |
| Прилагодување на работата на наставникот на когнитивните и емоционалните карактеристики на учениците за значително подобри резултати. | 4.1 Спроведување на систем за идентификација и превземање мерки за работа со надарени и талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето; |
| | 4.2 Мотивирање на учениците за учење преку пофалби и награди; |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

**Стратешка цел 1. Подобрување на квалитетот на наставата преку ефективно користење на различни дидактичко-технички помагала.**

| Развојна цел 1.1 Идентификување на потребните дидактичко – технички помагала со цел подобрување на успехот на сите ученици; | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностит е | Инструмен ти/извори на информации за следење на индикатор ите |
| 1. Формирање тим<br>2. Идентификување на потребните дидактичко-технички помагала со цел подобрување на успехот на сите ученици и напредок на учениците со ПОП | Избран тим (Стручна служба и претседатели на активи)<br><br>Инвентарни листи по предмети | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Членовите на избраниот тим<br><br>Претседатели на активи | Активност 1- прва година<br><br>Активност 2- Учебна 2024-2025 година | Човечки ресурси Новите наставни програми и планирања | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Избрани наставници од наставниците | Анкетни прашалници<br><br>Наставни програми, планирања и извештаи од анкетни прашалници<br><br>Пописни листи |
| **Развојна цел 1.2 Подобрување на материјално-техничките услови и обезбедување ресурси и опрема за подобрување и поттикнување на развојот на учениците;** | | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплемент ац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализација на активностит е | Инструмен ти/извори на информа ии за следење на индикатор ите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Подготовка на спецификација, барање на понуди, избор на најповолен понудувач<br>2. Набавка на смарт- табла со посебен образовен софтвер<br>3. Инсталирање | 1 смарт табла со посебен образовен софтвер<br>Задолжени 1 одделенски наставник , 2 предметни наставници<br>50 ученици имаат бенефит од новата технологија | Училиштето и избраната компанија | 2024-2028 | Каталог за набавка<br>Финансиски Средства | Директор<br>Стручна служба<br>Избрани наставници од наставниците | Пописни листи |
| 4. Пставување на справи за вежбање во училишниот двор | задоволни 80% од учениците корисници на спортското катче во училишниот двор | Училиштето и општината | Втора година | Справи за вежбање | | Анкети |

**Развојна цел 1.3 Подобрени компетенции на наставниот кадар за користење на материјално техничките средства**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплемент ац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализација на активностит е | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор ите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Обука за користење на смарт- табла | Обучени 2 наставници | Наставниците | 2024-2028 | Смарт- табла | Директор | Списоци од обука |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Користење на смарт - табла во наставата со цел подобрување на мотивираноста и успехот на учениците | 50 ученици ја користат смарт таблата | Наставниците и учениците | 2024-2028 | | Стручна служба<br><br>Избрани наставници од наставниците | Анкетни прашалници за учениците |

**Стратешка цел 2. Партнерски однос со родителите,локалната заедница и односи со јавност**

**Развојна цел 2.1 Вклучување на родителите во реализација на отворени денови,работилници,вонаставни активности и сл.;**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Организирање денови на отворени врати во чии рамки родителите ќе имаат активна улога при осмислувањето и организирањето на активностите<br><br>2. Реализација на дебати и предавања<br>-изготвување список на родители и предавачи за дебатите и предавањата | Реализирани 4 работилници на ниво на училиште во кои родителите биле кратори и реализатори<br><br>Реализирани 4 предавања на ниво на училиште од страна на родител-предавач | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Родители<br><br>Ученици | Активност 1 –по една работилница секоја учебна година<br><br>Активност 2 –по едно предавање секоја учебна година | Човечки и материјални ресурси | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Избрани наставници од наставниците | Фотографии<br><br>Список на родители-предавачи |

**Развојна цел 2.2 Поголема посетеност на родителските средби како клучна алатка во воспитно- образовниот процес**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализаци | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ја на активност ит е | ите |
| 1. Изготвување леток за поголема едуцираност на родителите за значењето на присуство на наставничко родителските средби<br><br>2. Предавање на совет на родители<br><br>3. Испраќање на писмени покани до родителите<br><br>4. Домашни посети<br><br>5. Формирање информативно катче за родители | 50% зголемено присуство на родителите на родителските средби<br><br>$\frac{3}{4}$ од родителите се едуцирани за значењето на присуството на родителите во училиштето<br><br>Испратени писмени покани на сите ученици<br><br>Посетени 10 родители на ученици со 1и повеќе слаби<br><br>100% известени родители за поставено катче за информирање на родители | Стручна служба<br><br>Одделенски наставници<br><br>Класни раководители | Активност 1-прва година<br><br>Активност 2-континуирано, од прва до четврта година<br><br>Активност 3-континуирано, од прва до четврта година<br><br>Активност 4-континуирано, од прва до четврта година<br><br>Активност 5-прва година | Хартија Печатач | Директор<br><br>Стручна служба | Писмени покани<br><br>Леток<br><br>Записник од совет на родители<br><br>Записник од одржани наставничко родителски средби<br><br>Записник од домашни посети<br><br>Информативно катче |
| **Развојна цел 2.3 Унапредување на соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплементац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализаци ја на активност ит е | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор ите |
| 1. Вклучување на локалната | Реализирани 2 хуманитарни | Локалната | Активност 1- | Човечки | | Документи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| заедница,деловната заедница и невладиниот сектор во училишни еколошки и хуманитарни акции при што родителите ќе имаат улога на иницијатори<br><br>2. Иницијативи,испраќање покани за соработка со разни здруженија на граѓани во интерес на воспитно образовниот процес | акции<br><br>Реализирани 2 еко акции<br><br>Зголемена мотивација за соработка | заедница<br><br>Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Наставници<br><br>Ученици<br><br>Родители<br><br>Деловната заедница и невладиниот сектор | прва и втора година<br><br>Активност 2-континуирано, од прва до четврта година | ресурси | Директор<br><br>Стручна служба | Договори Записници фотографии |
| **Стратешка цел 3. Постојано стручно усовршување на наставниот кадар за подобрување на квалитетот на наставата и поголема мотивираност на учениците.** | | | | | | |
| **Развојна цел 3.1 Обезбедување на обуки во и надвор од државата** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплементац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализаци ја на активност ит е | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор ите |
| 1. Формирање тим( составен од наставници и стручна служба)<br><br>2. Избор на обуки<br><br>3. Барање понуди за обука од акридетирани провајдери и избор на најсоодветна понуда | Успешно формиран тим<br><br>Правилно избрани 4 обуки кои одговараат на потребите на наставата<br><br>Избрани 4 акредитирани провајдери за реализирање на обуки | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Членовите на избраниот тим<br>Избрани наставници | 2024-2028 | Човечки ресурси<br><br>Потрошен материјал<br><br>Финансиски средства | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Тим наставниците | Чек листи<br><br>Анкетен прашалник<br><br>Табеларни извештаи за успех |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Посетени обуки<br><br>5. Дисеминација | 50% од наставниците ги посетиле избраните обуки<br><br>90% од наставниците присуствувале на дисеминирањето на сознанијата од обуките и $\frac{1}{5}$ од учениците се со подобрен успех | | | | | |
| **Развојна цел 3.2 Стручна подготовка за влез и реализација на Еразмус+ проекти** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплементац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализаци ја на активност ит е | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор ите |
| 1.Организирање на обука<br><br>2.Подготовка на Еразмус-проект | Обучени наставници за подготовка и влез во Еразмус проект<br><br>Изработен Еразмус проект | Директор<br><br>Наставници | Активност 1- Прва година<br><br>Активност 2- втора и трета година | Финансиски средства | Директор<br><br>Наставници | Список на присутни наставници<br><br>Изготвен проект |
| **Стратешка цел 4**. Прилагодување на работата на наставникот на когнитивните и емоционалните карактеристики на учениците за значително подобри резултати. | | | | | | |
| **Развојна цел 4.1 Спроведување на систем за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици.** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплементац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализаци ја на активност ит е | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор ите |
| 1. Формирање на тим за | Решение за тим | Стручна | Активност 1 – | Хартија | Стручна | Инструменти за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| спроведување на активноста | | служба | почеток на учебна 2024-2025 | Печатач | служба | идентификација |
| 2. Обука на наставниците за работа со талентирани ученици | 50% од наставниците се обучени | Педагог, психолог, одделенски и предметни наставници, ученици | Активност 2,3 - Прва година | Буџет Донации | Наставници Избран тим | Планирања<br>Педагошка документација<br>Извештај |
| 3. Процес на идентификување,утврдување на афинитетите на учениците кон одредени области или предмети | Зголемен за $\frac{1}{8}$ бројот на идентификувани талентирани ученици | | | | | |
| 4. Организирање тематски работилнициза работа со надарени /талентирани ученици | 10 работилници во една учебна година од различни области | | Активност 4,5 - 2024-2028 | | | Список на присутни ученици |
| 5. Мотивирање и подготовка на учениците за натпревари и учество на конкурси | 95% од талентираните и надарени ученици учествуваат на натпревари и конкурси | | | | | Освоени награди |
| **Развојна цел 4.2 Мотивирање на учениците за учење преку пофалби и награди.** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активнос тите | Временска рамка за имплементац ија | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализаци ја на активност ит е | Инструменти/извори на информации за следење на индикатор ите |
| 1. Измени и поголема примена на правилникот за пофалби и награди на учениците | Правилник за пофалби и награди | Стручна служба<br>Директор<br>Наставници | Активност 1- прва година<br>Активност 2,3,4- Континуирано, од прва до | Човечки ресурси<br>Буџет | Стручна служба<br>Директор | Правилник за пофалби и награди<br>Награди и список на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Пригодни награди за првенците на генерација и одличните ученици;<br><br>3. Јавно истакнување на учениците кои освоиле награди и покажале особени резултати<br>4. Презентирање на активностите на учениците на страната на училиштето,во училишен весник,на социјални мрежи...и сл. | Пофалени и наградени ученици<br><br>Број на освоени награди<br><br>60% од учениците учествуваат во активностите | Ученици | четврта година | | | ученици<br><br>Работилници |


*email: pindzurstraso@yahoo.com*

`

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Д-р Зоран Петрески- директор
2. Неда Јовески- наставник по математика
3. Ирена Ќолческа- дефектолог
4. Катерина Тодороска- наставним по македонски јазик
5. Кристина Спиркоска- наставник по географија
6. Христина Граороска- одделенски наставник
7. Оливера Седлоска- родител , совет на родители
8. Матеј Петкоски- ученик

Датум

24.10.2024

М.П.

Директор д-р Зоран Петрески

------------------------------------------------

Претседател на Училишен одбор

------------------------------------------------

Врз основа на член 122 став 2 алинеа 1 од Законот за основно образование ( „Службен Весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), наставничкиот совет на ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари – Прилеп, на својата седница одржана на ден 21.08.2024 година, го даде следното:

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02 - 157/2
21. 08. 2024 год.
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

# М И С Л Е Њ Е

Наставничкиот Совет при ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп на својата седница одржана на ден 21.08.2024 година ја разгледа **Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2024-2028** година согласно Законот за основно образование.

Директорот пред членовите на Наставничкиот Совет ја презентираше **Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2024-2028** година.

Наставничкиот Совет при ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп ја разгледа и **ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2028 ГОДИНА.**

Истата да се достави до Училишниот одбор на ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп за нејзино усвојување.

Мало Коњари

21.08.2024.

П р е т с е д а т е л
на Наставнички Совет - Директор

/ д-р Зоран Петрески /

Врз основа на член 127 став 4 алинеа 1 од Законот за основно образование ( Сл. Весник на РСМ 161/19 и 229/20), Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари – Прилеп, на својата седница одржана на ден 04.10.2024 година, го даде следното:

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02-201/3
04. 10 2024 год.
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

# М И С Л Е Њ Е

Советот на родители при ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп на својата седница одржана на ден 04.10.2024 година ја разгледа **Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2024-2028** година согласно Законот за основно образование.

Директорот пред членовите на Советот на родители ја презентираше **Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2024-2028** година.

Советот на родители при ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп ја разгледа и **ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2028 ГОДИНА.**

Истата да се достави до Училишниот одбор на ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп за нејзино усвојување.

Претседател

на Совет на родители

Мало Коњари

04.10.2024 г.

/ Анета Каралиоска /

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02-211/3
24.10.24 год
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 4 и член 108 став 1 алинеа 3 од Законот за основно образование („Службен весник наРСМ“ 161/19 и 229/20), Училишниорт одбор на ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп на седницата одржана на ден 24.10.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За усвојување на Развојна програма на ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп

1.На седницата одржана на ден 24.10.2024 година Училишниот одбор при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, донесе Одлука за усвојување на Развојната програма на ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари – Прилеп за периодот 2024-2028 година.

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор при
ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

/ Александар Божиноски /